# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 15 август 2001
Скопје
Број 64 Год. LVII

Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 120 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1200.
Врз основа на член 36, став 2 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), а во врска со член 52 став 2 и 4 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 01.08.2001 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И СЕЛИДБИ ВО СТРАНСТВО ШТО НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ

Член 1

Во Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2000), називот на Уредбата се менува и гласи: "Уредба за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци".

Член 2

Во членот 10 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"-5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална или билатерална основа".

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4689/1
1 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

1201.
Врз основа на "Спогодбата на државите страни на Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир, во врска со статусот на нивните сили", ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 19 јули 1996 година и Основниот договор меѓу Република Македонија и НАТО за дејствување на НАТО мисии во Република Македонија, склучен на 24 декември 1998 година, заедно со Техничките анекси кон овој Договор, како и врз основа на "Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и НАТО во однос на воспоставувањето на Штаб на "Наменските сили Жетва" (НСЖ) и статусот на Штабот на НСЖ и севкупниот персонал на НСЖ на територијата на Република Македонија" склучена на 15 август 2001 година, а согласно член 19 од Законот за одбрана на Република Македонија, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 август 2001 година, донесе

### ОДЛУКА

1. Владата на Република Македонија ја дава својата согласност за распоредување на силите на НАТО "Наменски сили Жетва" на територијата на Република Македонија заради спроведување на разоружувањето на вооружените групи на етничките албански екстремисти, што НАТО ќе го изврши врз основа на барањето на Република Македонија, содржано во писмото на Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, до генералниот секретар на НАТО, Џорџ Робертсон од 14 јуни 2001 година, со кое од НАТО се бара да и помогне на Република Македонија во спроведувањето на Планот и Програмата за надминување на кризата во Република Македонија.

2. Ангажманот на НСЖ ќе претставува ограничена операција во Република Македонија со цел да се прибере и уништи оружјето и муницијата од вооружените групи на етничките албански екстремисти кои се разоружуваат како дел од процесот на разрешување на кризата во земјата. Периодот од доаѓањето на НСЖ во Република Македонија до нивното заминување од Република Македонија нема да биде подолг од вкупно 60 дена, а самата операција на прибирање на оружјето нема да трае подолго од 30 дена. Големината на силите ќе соодветствува на мултинационална бригада. Техничките аспекти околу распоредувањето на НСЖ и спроведувањето на операцијата ќе бидат утврдени во консултација и во координација со надлежните органи на Република Македонија.

3. Статусот на персоналот на НСЖ ќе биде регулиран согласно Основниот договор меѓу Република Македонија и НАТО за дејствување на НАТО мисии во Република Македонија склучен на 24 декември 1998 година, заедно со Техничките анекси кон овој Договор, освен доколку поинаку не е определено со Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и НАТО во однос на воспоставувањето на Штаб на "Наменските сили Жетва" (НСЖ) и статусот на Штабот на НСЖ и севкупниот персонал на НСЖ на територијата на Република Македонија.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4854/1
15 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

1202.
Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), а во врска со член 38 од Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските заедници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 01.08.2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

1. Со оваа одлука се прифаќа Одлуката на Советот за соработка меѓу Република Македонија и Европската унија од 17.07.2001 година за "Заедничко разбирање за примена на тарифните намалувања и користење на тарифните квоти".

2. Составен дел на оваа одлука е текстот на "Заедничко разбирање за примена на тарифните намалувања и користење на тарифните квоти".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4744/1
1 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

## ЗАЕДНИЧКО РАЗБИРАЊЕ ЗА ПРИМЕНА НА ТАРИФНИТЕ НАМАЛУВАЊА И КОРИСТЕЊЕ НА ТАРИФНИТЕ КВОТИ

Тарифни намалувања

1. При примена на членовите 5, 14 и 15 од Времената спогодба и Анексите I, II, III, IV (б) и (ц), V (а) и (б) и Протоколите 1 до 3 од овој Договор, Заедницата ги пресметува намалените царински стапки на следниов начин:

(а) Зависно од параграф (б), стапките за преференцијална царина ќе бидат заокружени на првата децимала.

(б) Кога резултатот од пресметувањето на стапките на преференцијалната царина при примена на параграф (а) се едни од следниве, преференцијалната стапка ќе се смета за целосно ослободување:

- 1% или помалку во случаи на ad valorem царини или пак
- 1 евро или помалку од поединечен износ на валута во случаи на специфични царини.

При пресметување на намалените царински стапки во согласност со овие одредби, Р. Македонија ги заокружува на втората децимала.

2. При примена на член 15 од Времената спогодба, Заедницата и Република Македонија се согласуваат од 1 јуни 2001 година да ја применуваат царината за прва година за риба и рибини производи наведени во Анексите V (а) и (б). Царината за втората година и царината за третата година наведени во Анексите V (а) и (б) ќе се применуваат од 1 јуни 2002 и 1 јуни 2003.

Користење на тарифните квоти

3. При примената на член 14 (2) од Времената Спогодба, Заедницата ќе продолжи до понатамошно известување да ги води тарифните квоти за младо телешко месо во согласност со принципите поставени во Регулативата на комисијата (ЕК) бр. 2779/2000[1] од 18 декември 2000 која ги наведува деталните правила за примена во 2001 година на тарифните квоти за телешки и говедски производи наведени во Регулатива на Советот (ЕК) бр. 2007/2000. Ако Заедницата планира да ја смени оваа пракса, таа на време ќе ја информира Република Македонија.

4. При примена на член 14 (3), (б) и (ц) на Времената спогодба, Република Македонија ќе ги применува своите тарифни квоти во согласност со принципите "прв-дојден прв-услужен" (First-come first-served). Доколку Република Македонија планира да ја смени оваа пракса, таа ќе ја информира Заедницата.

Република Македонија се согласува нејзиниот систем на користење на тарифните квоти да гарантира еднаков пристап за сите субјекти, во рамките на обемот на квотите кои се применуваат во даден период.

5. При примена на член 14 (3), (б) и (ц) од Времената спогодба, Р. Македонија за 2001 година ќе го намали обемот на тарифни квоти наведени во Анексите IV (б) и (ц) на 7/12 од годишните обеми наведени во овие Анекси.

6. Договорено е референцата "тони" во Анексите IV (б) и (ц) од Времената спогодба да се однесува на нето тежината на соодветните стоки.

---

[1] "Службен весник на ЕЗ" Л 321.19.12.2000. стр. 53

**1203.**

Врз основа на член 17-а од Законот за трансформација на Заводот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001 и 50/2001) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.08.2001 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА РАБОТА СО БЛОКИРАНИ СМЕТКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се основа Агенција за работа со блокираните сметки на учесниците во платниот промет чии жиро сметки (блокирани сметки) нема да се пренесат на носителите на платниот промет најдоцна до 31 декември 2001 година (во натамошниот текст: Агенција).

Член 2

Агенцијата е правно лице со седиште во Скопје.

Член 3

Со Агенцијата раководи директор кој го именува Владата на Република Македонија.

### II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА И НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Член 4

Со состојба 31.12.2001 година, Агенцијата од Заводот за платен промет ги презема жиро сметките и останатата документација на учесниците во платниот промет, на чии сметки нема средства за наплата на пристигнатите побарувања.

Под останата документација од став 1 на овој член се подразбира документацијата за отворањето на сметките и картоните на депонираните потписи за располагање со средствата на блокираните сметки.

Член 5

Агенцијата е надлежна за вршење на следните работи:

- да води регистар на блокираните сметки кои до 31 декември 2001 година нема да се пренесат кај носителите на платниот промет;
- да ги прими од Заводот за платен промет налозите и основите за наплата, со состојба 31.12.2001 година, евидентирани во Евиденцијата за редослед на наплатата;
- да ги преземе од Заводот за платен промет акцептните налози и евиденцијата за акцептните налози од сметките кои не преминале во деловните банки;
- да води евиденција за приливот и одливот на средства на блокираните сметки што ги презема;
- да ја преземе од Заводот за платен промет целокупната документација за сите жиро сметки со која располага Заводот;
- да прима судски одлуки со дозвола за извршување, извршни решенија на Управата за јавни приходи, извршни решенија за казни за прекршоци и извршни решенија од органи и организации кои со Закон се овластени за донесување на решенија, по 31.12.2001 година;
- за промените на сметката да изготвува и доставува извод за состојбата и средствата на блокираните сметки;
- да изготвува и доставува извод за состојбата на блокираната сметка на барање на имателот на сметката;
- да издава доказ дека сметката не е повеќе блокирана;
- за промените на состојбата на блокираните сметки ја информира Владата на Република Македонија еднаш квартално и доставува извештај до неа еднаш годишно;

- да наплатува надомест за услугите што ги дава според Тарифа на која согласност дава Владата, а во случај на недостиг на сопствени приходи, средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и
- да врши и други работи за кои ќе ја овласти Владата на Република Македонија.

Член 6

За извршување на функциите, Агенцијата отвора сметки во банките во Република Македонија.

Член 7

Налозите во корист или на товар на блокираните сметки Агенцијата ги извршува истиот, или најдоцна наредниот ден од денот на приемот на налогот, по редослед како што биле заведени во Заводот за платен промет.

III. ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ОСНОВА АГЕНЦИЈАТА

Член 8

Агенцијата ќе отпочне со работа на 01.01.2002 година, а ќе престане со работа на 31.12.2003 година.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4772/1 Претседател на Владата
1 август 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1204.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.08.2001 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО -ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА**

1. Со оваа одлука се пренесува правото на користење и располагање на материјално-технички средства од Министерството за одбрана на Работна организација "Национални паркови и ловишта ООЗТ Шумски резерват - Јасен" Скопје и тоа:

| Ред. бр. | Номенклатурен број | Материјални технички средства и опрема | Ед. мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 3205-0000-0210-8 | Уред тел. високофрекфентен ПТСЛ-12 | парче | 3 |
| 2. | 3205-0000-0217-0 | Уред тел. високофрекфентен ПТСЛ-3 | парче | 1 |
| 3. | 3205-1085-7547-8 | ТГТ-1+6 с | парче | 2 |
| 4. | 3440-0000-0044-8 | Батерија АК-27 од 24 в 375 Ач | парче | 1 |
| 5. | 3405-1085-7965-8 | Електроагрегат преносен А2 4/230 | парче | 1 |
| 6. | 4705-0000-0091-6 | Стол тип: "Радин" Д-22 | парче | 6 |
| 7. | 4705-0000-0092-8 | Стол тип: "Радин" Д-21 | парче | 2 |
| 8. | 4705-1078-1002-4 | Столици-разни | парче | 10 |
| 9. | 3205-0000-0086-0 | Приклучна кутија "ПК-3" | парче | 2 |
| 10. | 3380-1131-7941-4 | Калем за кабел | парче | 20 |
| 11. | 3380-1131-7148-2 | Кабел "ПТК-56" | метри | 15000 |
| 12. | 3205-1130-6718-2 | Телефон тип: "М-63" | парче | 17 |
| 13. | 3205-0000-0168-2 | Филтер тел. телеграфски "ФЛ-1" | парче | 2 |
| 14. | 3205-0000-0035-5 | Уред "ТГ-1" | парче | 2 |
| 15. | 3205-1088-0957-8 | Централа "ИТЦ-10" | парче | 1 |
| 16. | 3215-0000-0014-9 | Телепринтер "Сименс" 100 | парче | 6 |
| 17. | 3205-1130-0023-3 | Тел. индукторска централа "ИТЦ-20" | парче | 1 |
| 18. | 3210-3125-0078-9 | Телевизор-колор "ЕИ"Ниш | парче | 3 |
| 19. | 6825-0000-0119-1 | Амперметар "Ф-35" | парче | 1 |
| 20. | 3205-0000-0012-4 | Телефон "АТА-62" | парче | 18 |
| 21. | 3205-0000-0122-4 | Телефон "АТА 74-01" | парче | 1 |
| 22. | 4740-0000-0018-5 | Сандак за архива (алиминиумски) | парче | 6 |
| 23. | 3205-0000-0220-0 | Разделник ѕиден за реглети 125/100 | парче | 1 |
| 24. | 7750-0000-0036-1 | Сирена електрична "Елрад ЕС-80" | парче | 2 |
| 25. | 7750-0000-0036-6 | Цевка со прибор за сирена ЕС-80 | парче | 2 |
| 26. | 7750-0000-0037-8 | Носач за прибор за кос кров ЕС-80 | парче | 2 |

2. Примопредавањето на материјално-техничките средства од точка 1 на оваа одлука ќе го изврши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4534/1 Претседател на Владата
1 август 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1205.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.08.2001 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО -ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА**

1. Со оваа одлука се пренесува правото на користење и располагање на материјално-технички средства и опрема од Министерството за одбрана на Работната организација "Национални паркови и ловишта-ООЗТ Шумски резерват - Јасен" Скопје и тоа:

| Реден број | Номенклатурен број | Назив на средствата | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | 4705-0000-0075-8 | Стол за склопување Т-445 | 55 |
| 2. | 4705-0000-0086-2 | Столица расклопена S-445 | 60 |
| 3. | 4705-0000-0089-6 | Елем. раб. со фиока RO-40 | 1 |
| 4. | 4705-0000-0089-8 | Столица А-25 скај | 6 |
| 5. | 4710-0000-0197-6 | Маса М-065 Орахбајц | 1 |
| 6. | 4710-0000-0198-8 | Маса Т-436 опрема за сала | 3 |
| 7. | 4710-1078-6616-4 | Садопер дводелен | 1 |
| 8. | 4715-0000-0054-1 | Креденец висечки од 80 см. | 2 |
| 9. | 4715-0000-0186-7 | Полици за одмор К-690 | 3 |
| 10. | 4715-1078-7037-0 | Ормар за материјални документи | 1 |
| 11. | 4730-1080-3689-9 | Кревети полски | 60 |
| 12. | 5915-0000-0046-9 | Фрижидер од 175 литри | 1 |
| 13. | 6015-1077-6816-4 | Кумбе за загревање на просторија број 2 | 1 |

2. Примопредавањето на материјално-техничките средства и опрема од точка 1 на оваа одлука ќе го изврши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4535/1
1 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1206.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.08.2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА

1. Со оваа одлука се пренесува правото на користење и располагање на материјално-технички средства од Министерството за одбрана на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Природно-математички факултет-Скопје и тоа:

| Реден број | Назив на средствата | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Атомски апсорпционен спектометар JAREL ASH, модел 850 | 2 |
| 2 | Атомизер- JAREL ASH FLAMELESS, модел FLA 10 | 1 |
| 3 | Атомизер-JAREL ASH VLAMELESS, модел FLA 100 | 1 |
| 4 | Спектрофотометар-GILFORD, модел 2600 | 1 |

2. Примопредавањето на материјално-техничките средства од точка 1 на оваа одлука ќе ги изврши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4536/1
1 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1207.**

Врз основа на член 36, став 2 од Законот за Владата на Република Македонија, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.08.2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА ЗАШТИТА НА МИГРАТОРНИ ВИДОВИ ДИВИ ЖИВОТНИ

Член 1

Се формира Комитет за заштита на миграторни видови диви животни, во согласност со Конвенцијата за заштита на миграторни видови диви животни.

Член 2

Комитетот е во следниот состав:
1. проф. д-р Бранко Мицевски, претседател
2. д-р Светозар Петковски, заменик-претседател
3. Александар Настов, извршен секретар
4. Академик, Ристо Лозановски, член
5. проф. д-р Мирче Наумовски, член
6. проф. д-р Кирил Филев, член
7. проф. д-р Љупчо Меловски, член
8. д-р Здравко Крстановски, член
9. м-р Тодор Ивановски, член
10. м-р Верка Панова, член
11. Џулија Богатинова, член
12. Љупчо Несторовски, член
13. д-р Драган Ангеловски, член.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4645/1
1 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1208.**

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјишта и згради ("Службен весник на СРМ" бр. 36/75, 41/75, 10/75 и 38/91) член 5 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/94) и член 31 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.08.2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИТЕ НА КОИ ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ПОГЛЕД НА РАСПОЛАГАЊЕТО ИМА РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Во Одлуката за продажба на становите на кои права, должности и одговорности има Републиката ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/96 и 16/99), во членот 1 зборовите "на 120" се заменуваат со зборовите "до 180 месечни рати".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4773/1
1 август 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1209.**

Врз основа на член 239 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр. 14/98), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ДИМЕНЗИИТЕ И НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ТАБЛИЦИ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛОТО СО КОЕ СЕ ВРШИ ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ И ПОСТАПКАТА СО ИСТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат димензиите и начинот на поставување на посебните таблици за означување на возилото со кое се врши оспособување на кандидати за возачи и постапката со истите.

Член 2

Посебната таблица има форма на квадрат со димензии на страниците од 16 см.

Посебната таблица е со сина подлога на која со бели букви и броеви е испишано: буквата "О", ознака на регистрационото подрачје составена од два броја, променлива буквена ознака составена од една буква и регистарски број составен од два броја.

Формата и големината на посебната таблица се утврдени во образецот број 1, што е составен дел на овој правилник.

Член 3

Ознаките на регистрационите подрачја што се ставаат на посебната таблица се наведени во Списокот на ознаките на регистрационите подрачја, што е составен дел на овој правилник.

Член 4

За мотоцикл се издава една посебна таблица, а за друго моторно возило односно трактор две посебни таблици што се поставуваат на возилото само кога се врши оспособување на кандидати за возачи.

Член 5

На мотоцикл посебната таблица се поставува на задната страна непосредно под или над регистарската табличка, а на друго моторно возило односно на трактор посебните таблици се поставуваат една на предната, а другата на задната страна, така што средината на посебната таблица да не биде оддалечена повеќе од 40 см. од левиот бочен раб на возилото, а височината на посебната таблица повеќе од 1 м. од површината на коловозот.

Член 6

Авто-школата или установата од член 241 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата го пријавува исчезнувањето, оштетувањето или уништувањето, односно дотраеноста на посебната таблица на подрачниот организационен облик на Министерството за внатрешни работи во местото на своето седиште најкасно во рок од 15 дена од денот на исчезнувањето, оштетувањето или уништувањето, односно дотраеноста на посебната таблица.

Член 7

Наместо исчезнатата, оштетената или уништената, односно дотраената посебна таблица, по барање на авто-школата или установата од член 241 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и се издава нова посебна таблица на нивен трошок, а оштетената или уништената односно дотраената посебна таблица се поништува.

Член 8

За издадените посебни таблици се води регистарот кој ги содржи следните рубрики: реден број, регистарски број на издадената посебна таблица, назив и седиште на авто-школата или установата од член 241 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата на кои им се издава посебната таблица, односно име и презиме на инструкторот кој е задолжен со посебната таблица, како и категорија на моторни возила за која инструкторот има дозвола да врши оспособување на кандидати за возачи и забелешки.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за димензиите и начинот на поставување на посебните таблици за означување на возилото со кое се врши оспособување на кандидати за возачи и постапката со истите ("Службен весник на СРМ" бр. 18/85).

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 161-29158/1
6 август 2001 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Љубе Бошкоски,** с.р.




СПИСОК
НА ОЗНАКИТЕ НА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА

| | |
|---|---|
| 1. Берово | 01 |
| 2. Битола | 02 |
| 3. Валандово | 03 |
| 4. Велес | 04 |
| 5. Виница | 05 |
| 6. Гевгелија | 06 |
| 7. Гостивар | 07 |
| 8. Дебар | 08 |
| 9. Делчево | 09 |
| 10. Демир Хисар | 10 |
| 11. Кавадарци | 11 |
| 12. Кичево | 12 |
| 13. Кочани | 13 |
| 14. Кратово | 14 |
| 15. Крива Паланка | 15 |
| 16. Крушево | 16 |
| 17. Куманово | 17 |
| 18. Македонски Брод | 18 |
| 19. Неготино | 19 |
| 20. Охрид | 20 |
| 21. Прилеп | 21 |
| 22. Пробиштип | 22 |
| 23. Радовиш | 23 |
| 24. Ресен | 24 |
| 25. Свети Николе | 25 |
| 26. Скопје | 26 |
| 27. Струга | 27 |
| 28. Струмица | 28 |
| 29. Тетово | 29 |
| 30. Штип | 30 |

По извршената проверка со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2001, испуштени се зборови, поради што се дава

### И С П Р А В К А
### НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Во точката 3, во потточките а, б, в и г, зборот "до" пред цифрите се брише.

Бр. 23-4757/2 Од Владата на Република
9 август 2001 година Македонија
Скопје

---

## *Огласен дел*

### ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 1569/2001 од 18.06.2001 година, во регистарска влошка бр. 02011988-4-01-000, ја запиша во трговскиот регистар одлуката за измена на статутот на Друштвото за трговија и услуги "АГРОМЕХАНИКА" АД увоз-извоз Скопје, бул. "Маркс и Енгелс" бр. 3, Скопје.

Запишување на одлуката за измена на статутот и запишување на одлуката за промена на член на Управен одбор - разрешување и именување на Друштвото за трговија и услуги "АГРОМЕХАНИКА" АД увоз-извоз Скопје, бул. "Маркс и Енгелс" бр. 3, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 1569/2001. (18509)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11926/99 од 25.04.2000 г., во регистарска влошка бр. 02031301?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на претпријатие на Друштвото за транспорт и трговија ДАВИДОВ-ШПЕД Снежана ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, ул. "Бел камен" бр. 1/2.

Содружник на Друштвото е Давитова Снежана од Кавадарци, ул. "Бел камен" бр. 1/2.

Дејности: 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 50.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 63.40, 65.12/3, 70.31, 74.84, 63.30, 55.30/2, 55.30/1, 17.30, 17.40/1, 17.40/2, 17.54, 17.54/2, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународен превоз на стоки во друмски сообраќај, меѓународен превоз на патници во друмски сообраќај, посредување и застапување на странски фирми, реекспорт, малограничен промет со Грција, Бугарија, СР Југославија и Албанија, слободни царински продавници.

Друштвото во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските со трети лица Друштвото одговара со целиот свој имот.

Давитова Снежана е управител без ограничување како во внатрешниот така и во надворешнотрговскиот промет.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11926/99. (13140)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 5359/2000 од 4.05.2001 г., во регистарска влошка бр. 02036681?-3-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на Трговското друштво за вработување на инвалидни лица, производство, промет и услуги АЕФ - БАХ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Тодор Чангов" бр. 3/5.

Содружници: Мустафа Саит од Скопје.

Дејности: 24.16, 24.17, 24.30, 24.70, 25.21, 25.22, 25.23, 25.24, 26.81, 28.61, 28.72, 36.63, 37.10, 37.20, 50.30, 50.50, 51.17, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/4, 52.46, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 52.72/1, 52.74, 55.11, 55.12, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 60.21, 60.24, 63.12, 63.21, 63.40, 71.40, 74.82, 74.84, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, реекспорт, консигнација, малограничен промет со СР Југославија, Бугарија, Албанија и Грција.

Во правниот промет со трети лица Друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со сите свои средства.

Мустафа Саит - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 5359/2000. (13141)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11148/99 од 09.05.2000 г., во регистарска влошка бр. 02033702?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар Друштвото за производство, трговија и услуги ПАК-ПРИНТ Михајло и др. ДОО увоз-извоз Куманово, ул. "Тоде Думба" бр. 37.

Досегашното Претпријатие за производство, трговија и услуги ПАК-ПРИНТ Д.О.О. увоз-извоз Куманово, се усогласува со Законот за трговски друштва и во иднина во правниот промет со трети лица ќе настапува под фирма: Друштво за производство, трговија и услуги ПАК-ПРИНТ Михајло и др. ДОО увоз-извоз Куманово, ул. "Тоде Думба" бр. 37.

Основна главница на Друштвото е 158.000,00 денари во предмети и тоа врз основа на извештај на овластен проценител. Содружници во друштвото се: Николовски Михајло од Куманово, ул. "Тоде Думба" бр. 37 и Николовска Александра од Куманово, ул. "Тоде Думба" бр. 37. Содружниците не одговараат за обврските на друштвото а ризикот го сносат во висина на нивниот влог.

Во правниот промет со трети лица Друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Управител на Друштвото со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности и во надворешнотрговски промет е Михајло Николовски.

Дејности: 15.11, 15.12, 15.13, 15.20, 15.31, 15.32, 15.33, 15.41, 15.42, 15.43, 15.51, 15.52, 15.61, 15.62, 15.71, 15.72, 15.81/1, 15.81/2, 15.82/1, 15.82/2, 15.83, 15.84, 15.85, 15.86, 15.87, 15.88, 15.89, 15.91, 15.92, 15.93, 15.94, 15.95, 15.96, 15.97, 15.98/1, 15.98/2, 18.10, 18.21, 18.30, 19.10, 19.20, 19.30, 20.10/1, 20.10/2, 20.20, 20.30, 20.40, 20.51, 21.21, 21.22, 22.21, 22.22, 22.23, 22.24, 22.25, 25.21, 25.22, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.34, 51.35, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.71, 52.72/1, 52.72/2, 52.74, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.21, 63.40, 71.10, 71.21, 74.12, 74.84, 93.01, 93.02, 93.04, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, угостителски и туристички услуги, посре-

дување и застапување во прометот со стоки и услуги, меѓународна шпедиција, консигнациона продажба, меѓународен транспорт на стоки и патници, сообраќајни агенциски работи, малограничен промет со соседни земји.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11148/99. (13142)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 17599/99 од 8.12.2000 г., во регистарска влошка бр. 02036160?-3-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за промет и услуги КАПИТАЛ Фекрет и др. ДОО експорт-импорт Липково, с. Слупчане.

Досегашното претпријатие за промет и услуги "ГУЉАК" Ц.О. експорт-импорт, с. Слупчане Куманово, се претвора во друштво со ограничена одговорност и во иднина во правниот промет со трети лица ќе настапува под фирма: Друштво за промет и услуги КАПИТАЛ Фекрет и др. ДОО експорт-импорт Липково, с. Слупчане.

Содружници на друштвото со ограничена одговорност се Фекрет Зимбери од с. Слупчане, Липково и Абедин Зумбери од с. Слупчане, Липково.

Основната главница на друштвото е 158.000,00 денари во предмети во приложен извештај од овластен проценител.

Дејности се: 15.11, 15.12, 15.13, 15.20, 15.31, 15.32, 15.33, 15.61, 15.98/2, 19.20, 19.30, 20.10/1, 20.40, 21.21, 21.22, 21.23, 21.24, 21.25, 24.62, 24.63, 24.64, 24.66, 25.21, 25.22, 25.24, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 45.25, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.34, 51.35, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.72/1, 52.72/2, 55.11, 55.12, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 71.10, 71.21, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународен транспорт на стоки и патници, малограничен промет со соседните земји, меѓународна шпедиција, застапување на странски фирми и реекспорт, привремен увоз-извоз на стоки, меѓународни агенциски работи, продажба на стока од консигнациони складишта.

Во правниот промет со трети лица Друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Управител на друштвото со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности и во надворешнотрговски промет е Фекрет Зимбери.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 17599/99. (13143)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 16079/99 од 15.05.2001 г., во регистарска влошка бр. 02038289?-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на претпријатие на Друштвото за инженеринг и проектирање РИПП АСОЦИЈАЦИЈА Татјана ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бул. "АВНОЈ" бр. 70/18.

Содружник: Татјана Панова од Скопје.

Управител: Татјана Панова од Скопје.

Дејности: 01.12/1, 01.13/1, 01.41/3, 28.11, 28.12, 28.21, 28.22, 28.40, 45.11, 45.12, 45.21/1, 45.22, 45.23, 45.24, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.50, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.21/1, 55.21/2, 55.22, 55.23, 55.30/1, 55.30/2, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.31, 74.12, 74.20/2, 74.20/3, 74.20/5, 74.40, 74.83, 74.84.

Во НТР друштвото ќе обавува: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување, консигнациони складишта, комисионо работење, реекспорт, инвестициони работи во странство, меѓународен транспорт на стоки и патници.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 16079/99. (13144)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 13223/99 од 19.04.2000 г., во регистарска влошка бр. 02027897?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за производство, трговија и услуги Б.М.В.В. Виолета ДООЕЛ експорт-импорт, Неготино, ул. "Петар Демирски" бр. 14.

Дејности: 51.21, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.64, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.63, 52.62, 50.10, 50.30/1, 50.30/2, 50.50, 65.12/3, 51.19, 63.40, 15.81/1, 20.10/1, 25.22, 26.61, 28.73, 74.20/2, 74.20/3, 34.30, 74.12, 74.14, 74.84, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.30, 71.10, 55.30, 55.30/1, 45.45, 46.21/1, 45.21/2, 22.22, 74.40, 15.61, 15.85, 15.13, 15.11, 15.41, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, реекспорт, малограничен промет со СР Југославија, Р Албанија, Р Бугарија и Р Грција, консигнација, меѓународен транспорт на стоки и патници, во друмскиот сообраќај, меѓународна шпедиција.

Неограничени овластувања, целосна одговорност.

Лице овластено за застапување е Димова Виолета - управител без ограничување.

Единствен содружник е Димова Виолета.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 13223/99. (13145)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 9159/99 од 7.04.2000 г., во регистарска влошка бр. 02030833?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на претпријатие на Друштвото за трговија и услуги ИБИКО Илија ДООЕЛ Скопје ул. "Багдадска" бр. 21.

Претпријатието за трговија и услуги "ИБИКО" Д.О.О. експорт-импорт Скопје, ул. "Багдадска" бр. 21 се усогласува со ЗТД во Друштво за трговија и услуги ИБИКО Илија ДООЕЛ Скопје.

Основач: Богоевски Илија.

Дејности: 01.43/3, 19.30, 20.10/1, 20.20, 20.30, 20.40, 20.51, 35.12, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 36.63, 45.22, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.63, 52.74, 55.11, 55.12, 55.30/1, 55.30/2, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 61.10, 62.10, 62.20, 63.12, 63.21, 63.23, 63.30, 70.31, 71.10, 71.21, 71.31, 71.32, 71.33, 71.34, 71.40, 74.13, 74.20/2, 74.20/3, 74.40, 74.82, 74.83, 74.84, 63.40.

Дејности на надворешнотрговски промет се: надворешна трговија со прехранбени производи, надво-

решна трговија со непрехранбени производи, меѓународен транспорт, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги за странски правни и физички лица, консигнациона продажба, реекспорт, меѓународна шпедиција, малограничен промет со Р.Албанија, Р.Грција, СР Југославија и Р.Бугарија, инвестициони работи во странство.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во прометот одговара со сиот свој имот.

Управител без ограничување е Богоевски Илија.

Го застапува Друштвото во внатрешниот и надворешниот трговски промет.

Друштвото има основна главница од 166.100,00 или 5.360 дем.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 9159/99. (13146)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 14820/99 од 9.05.2000 г., во регистарска влошка бр. 02033946?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на Друштвото за информатика МОСА КОРП ИНФОРМАТИКА Срѓан и други ДОО увоз-извоз Скопје, ул. "11 Октомври" бр. 38/13.

Содружници на друштвото се: Адамовиќ Срѓан од Скопје и Митреска Елизабета од Скопје.

Дејности: 21.21, 21.25, 22.33, 28.75, 30.01, 30.02, 32.20, 36.63, 50.10, 50.30, 51.17, 51.19, 51.32, 51.33, 51.34, 51.38, 51.43, 51.47, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.45, 52.46, 52.47, 52.50, 71.33, 71.34, 72.10, 72.20, 72.30, 72.40, 72.50, 72.60, 74.13, 74.14, 74.30, 74.40, 74.84, 60.24, 63.30, 63.40.

Во надворешнотрговскиот промет друштвото ќе ги врши следните дејности: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување и реекспорт, консигнациона продажба, услуги на меѓународен транспорт и шпедиција, услуги на меѓународно туристичко посредување, малограничен промет со Албанија, Грција, Бугарија и СР Југославија.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските во правниот промет одговара со сите свои средства.

Управител на друштвото е Митреска Елизабета - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 14820/99. (13147)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11635/98 од 26.11.1999 г., во регистарска влошка бр. 02021643?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД и основање ТД како ДООЕЛ и промена на седиште на Друштвото за внатрешен и надворешен промет, производство и услуги, сообраќај, туризам и угостителство ШПУТИМ КОМЕРЦ Алит ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, ул. "Беличица" бб.

Друштвото е основано со изјава за основање од 24.01.1995 г. бр. 15/1, а основач е Алит Јусуфи од Гостивар.

Дејности: 01.11/1, 01.12/2, 01.13/1, 01.13/2, 01.22/1, 01.41/3, 01.42, 02.01, 15.11, 15.82/1, 15.85, 14.21, 20.10/1, 20.40, 20.30, 24.16, 25.22, 25.24, 26.11, 26.21, 26.40, 26.52, 26.61, 28.11, 28.52, 19.20, 01.41/2, 45.11, 36.11, 36.22, 31.62, 45.21/1, 45.21/2, 45.23, 45.24, 45.31, 45.22, 45.11, 50.10, 50.20, 50.50, 50.30/2, 50.40, 51.20, 51.31, 51.34, 51.23, 51.32, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.24, 51.43, 51.54, 51.56, 51.65, 51.53, 51.35, 51.51, 51.57, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.27, 52.43, 52.45, 52.46, 52.44/1, 52.44/4, 52.47, 52.33, 52.26, 52.32, 52.48, 52.41, 52.42, 60.23, 60.24, 60.21, 60.22, 52.72/2, 63.21, 55.11, 55.12, 55.21, 55.21/1, 55.21/2, 55.22, 55.23, 55.30/1, 55.51, 55.30/2, 63.30, 63.40, 74.12, 74.13, 74.14, 74.23/3, 74.40, 74.84, 72.30, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување на странски фирми и вршење на реекспорт, малограничен промет со СР Југославија, Бугарија, Грција и Албанија, изведување на градежни работи од ниско и високоградба, превоз на патници во друмскиот меѓународен сообраќај, превоз на стоки во меѓународниот друмски сообраќај.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешното и надворешното работење е Алит Јусуфи - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11635/98. (13148)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 7209/98 од 21.03.2001 г., во регистарска влошка бр. 02037665?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Претпријатие за производство, внатрешна и надворешна трговија "СОМАР" извоз-увоз Д.О.О. Скопје ул. "4 Јули" бр. 1/2-12, Ѓорче Петров.

Друштво за производство, трговија и услуги "СОМАР" Раад и други ДОО извоз-увоз ул. "Јане Сандански" бр. 109/4.

Дејности: 15.32, 15.42, 15.61, 15.81/1, 15.85, 15.87, 16.98/2, 21.25, 25.22, 25.24, 37.20, 50.20, 50.30/2, 50.50, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.34, 51.35, 51.39, 51.41, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.22, 52.26, 52.41, 52.43, 52.44/1, 52.45, 52.46, 52.47, 60.24, 63.30, 65.12/3, 74.14, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со сите свои средства.

Раад Салман - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 7209/98. (13149)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11903/98 од 25.04.2001 г., во регистарска влошка бр. 02026336?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар претворањето на претпријатие со ЗТД на Друштвото за производство, промет и услуги МОНТАНА Миодраг ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ул. "Тодор Велков" бр. 2/3.

Претпријатие за производство, трговија, угостителство и услуги "МОНТАНА" ДОО увоз-извоз Куманово врши усогласување со ЗТД во ДООЕЛ со назив како претходното.

Основач на друштвото е Миодраг Величковски од Куманово.

Дејности: 01.11, 01.12, 01.13, 01.21, 01.22, 01.23, 01.24, 01.25, 01.41, 01.42, 02.01, 02.02, 15.11, 15.12, 15.13, 15.20, 15.31, 15.32, 15.33, 15.41, 15.42, 15.43, 15.51, 15.52, 15.61, 15.62, 15.71, 15.72, 15.81, 15.82, 15.83, 15.84, 15.85, 15.86, 15.87, 15.88, 15.89, 15.91, 15.92, 15.93, 15.94, 15.95, 15.96, 15.97, 15.98, 20.10, 20.20, 20.30, 20.40, 20.51, 28.21, 28.75, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.23, 51.24, 51.35, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 55.30, 55.40, 55.51, 55.52, 60.24, 63.12, 63.30, 63.40, 65.12/2, 65.12/3, 65.12/4, 70.20, 72.10, 72.20, 72.30, 72.40, 74.12, 74.13, 74.14, 74.40, 74.70, 74.81, 74.84, 92.33, 92.34, 92.62, 92.72, 93.04, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со соседни земји, привремен увоз на стоки за широка потрошувачка, сервис и одржување на увезени стоки, работи на посредување и застапување, реекспорт, меѓународна шпедиција и работи за закуп и лизинг.

Во правниот промет со трети лица Друштвото настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешен и надворешнотрговски промет е Миодраг Величковски - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11903/98. (13150)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 7979/99 од 9.05.2001 г., во регистарска влошка бр. 02038300?-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на ЗТД на Друштвото за трговија ЗОНИКО Зора ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бул. "АСНОМ" бр. 20/1-3, Скопје.

Дејности: 52.11, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.12, 52.25, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.26, 52.27, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 52.33, 52.4, 50.10, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.22, 51.31, 51.34, 51.23, 51.33, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.40, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.5, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.6, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.51, 63.12, 60.22, 63.11, 60.24, 74.12, 74.13, 74.14, 74.30, 70.20, 74.82, 74.84, 45.21/1, 45.32, 45.25, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 45.31, 45.33, 15.61, 15.81, 15.11, 15.98, 17.30, 17.40/1, 17.54/2, 17.05, 17.25, 25.2, 25.22, 15.93, 15.94, 15.86, 15.89, 74.20/2, 74.20/3, 74.20/4, 74.20/5, 74.40, 74.82, 93.0, 93.02, 22.2, 22.22, 22.25, 22.23, 22.24, 51.11, 51.12, 51.13, 51.1, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 01.12/1, 01.12/2, 01.13/2, 01.21, 01.23, 01.24, 01.41/2, 01.41/3, 74.84, 63.40, 70.31, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување со застапништво со странски лица во надворешнотрговскиот промет, малограничен промет со Грција, Албанија, Бугарија и СР Југославија, консигнација, комисиона продажба и реекспорт, меѓународна шпедиција, без царински продавници и фришопи.

Усогласување согласно Законот за трговски друштва.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 7979/99. (13151)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 1734/2001 од 27.04.2001 г., во регистарска влошка бр. 02040984?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за угостителство, трговија, производство и услуги КВАРТУМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, ул. "Браќа Цунови" бр. 42.

Основачот Шишков Марјанчо од Кавадарци основа друштво за угостителство, трговија, производство и услуги КВАРТУМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, ул. "Браќа Цунови" бр. 42.

Дејности: 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 52.72/1, 52.72/2, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 65.12/3, 74.12, 74.84, 92.71, 92.72, 51.17, 51.21, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.47, 51.53, 51.55, 51.54, 51.70, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 01.11/1, 01.12/2, 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 15.98/1, 15.98/2, 20.10, 20.40, 25.21, 25.22.

Во НТП надворешна трговија со прехранбени и непрехранбени производи, малограничен промет со соседните земји, меѓународен транспорт на стоки и услуги односно патници, посредување и застапување во областа на прометот со стоки и услуги, комисиони работи, консигнациони работи, реекспорт на стоки.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, за обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Управител е Шишков Марјанчо со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 1734/2001. (13152)

---

